# СТРАТЕГИИ ЗА СИМБОЛИЧКА ИЗГРАДБА НА НАЦИЈАТА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Уредници:
Љупчо С. Ристески
Пол Колсто

Превод од англиски на македонски јазик:
Љупчо С. Ристески

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ
Специјално издание на
ИНСТИТУТОТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА
„Архимедова“ 3. поштенски фах 162, 1000 Скопје, Р Македонија

За издавачот:
д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор, декан на ПМФ – Скопје

Компјутерска подготовка:
Дизајн и принт солушн студио „Мавроски“

Корица:
Љупчо С. Ристески

Фотографии на корица:
Љупчо С. Ристески

Лектура:
Наталија Андријевска

Превод од англиски:
Љупчо С. Ристески

Наслов на оригиналот:
Strategies of Symbolic Nation-building in
South Eastern Europe, Ed. Pål Kolstø, Ashgate Publishing Limited,
I SBN 978-1-4724-1916-3, 2014

Рецензенти:
д-р Мирјана Мирчевска, редовен професор на ИЕА при ПМФ
д-р Даворин Трпески, вонреден професор на ИЕА при ПМФ

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

323.1(497-15)
342.1(497-15)

СТРАТЕГИИ на симболичка изградба на нацијата во Југоисточна Европа / уредници Љупчо С. Ристески, Пол Колсто ; превод од англиски на македонски јазик Љупчо С. Ристески. - Скопје : Природно-математички факултет, Институт за етнологија и антропологија, 2016 (Скопје : ДБ системи). - 302 стр. : граф. прикази ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. [279]-302

ISBN 978-608-4762-05-8

а) Западен Балкан - Изградба на нацијата
COBISS.MK-ID 101314058

## Листа на слики во боја

I Главна распространетост на етничките групи околу 1990 година
II Државните знамиња на Албанија, Косово, Хрватска, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора и Србија
II Државните грбови на Босна и Херцеговина, Албанија, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора и Србија
IV Статуата на Бан Јелачиќ и демонстранти против МКТЈ, Загреб, 2011 г.
V Гуча Гора, 2004, Ратко Младиќ - нова икона?
VI а) Значка на српската полиција; б) српски пасош; в) српскиот претседател Борис Тадиќ поздравувајќи со трите прста, Женева, 2012 г.
VII а) Белград, црква „Св. Јован Владимир“, дел од композицијата насликана во 2006 година наречена „Рајска Србија“; б) Жолти ѕвезди на сина основа - не ги сакаат сите во Хрватска
VIII Македонски знамиња: а) знаме 1946-1992 г.; б) знаме 1992-1995 г.; с) предлози за ново знаме од 1995 г,; г) подоцнежна верзија; д) избрана верзија, ѓ) предлози за национална грбови од 1992 г.
IX „Воин на коњ“, Скопје
X а) Косово: постер спонзориран од државата, а изменет од страна на политички активисти;
б) постер на КФОР изменет од страна на политички активисти
XI а) Косово: споменик „Новороден“, во центарот на Приштина, воведување нов симбол;
б) Албанија: Одбележување 100 годинишнината на албанската држава во 2012 година
XII а) Група од музејот на Скендербег во Круја; б) Заменети симболи: Расипаните статуи во албанскиот главен град Тирана

## Црно - бели слики

1.1. Споредба на лојалноста во Западен Балкан
2.1. Црквата на хрватските маченици во Удбина
2.2. Церемонијата на подигнување на знамето во Книн
3.1. Богослужба за убиените војници на Република Српска
5.1. Споредба на лојалноста во Западен Балкан

5.2. Споредба на лојалноста во Црна Гора според етничката припадност
5.3. Фокусот на учебниците по историја
5.4. Идентитет и партиска поддршка
5.5. Религија и идентитет (раздвојување)
5.6. Симболи на државата
5.7. Физичка реконструкција
6.1. Географска идентификација
6.2. „Дали мислите дека членството во ЕУ е добра или лоша работа за Република Косово?“
6.3. (а) „Кој би требало да се обвини за шенгенскиот ѕид воспоставен за народот на Косово?“
6.3. (б) Според етничност
6.4. (а) „Дали гледате на Република Косово како на пример за мултиетничка и мултикултурна држава? “
6.4. (б) Според етничност
6.5. „Колку често сте вклучени во формални религиски практики?“
6.6. „Како ги оценувате меѓуетничките односи во Република Косово?“
6.7. Лојалност на јавноста во процесот на изградба на нацијата, споредба
7.1. Знаме на Социјалистичка Република Македонија од 1946 до 1992 г.
7.2. Знамето на Република Македонија од 1992 до 1995 г.
7.3. Пет графички решенија за знамето со сонце во центарот
7.4. Графички дизајн на знамето
7.5. Сегашниот изглед на знамето на Република Македонија
7.6. Државен грб на Република Македонија, 2009 г.
7.7. Варијанти на предлози за грб на Република Македонија
7.8. Состојбата на населението во Република Македонија според етничка припадност во 2002 г.
7.9. Состојбата на населението во Република Македонија според религиска припадност во 2002 г.
8.1. ИПСОС-А: „Која политичка партија ја поддржувате?“ Според религиска припадност
9.1. Индекс на лојалност
9.2. Споредување на лојалноста со националноста / етничноста во Босна
9.3. Споредување на лојалноста со националноста / етничноста во Македонија

9.4. Споредување на лојалноста со националноста / етничноста во Црна Гора
9.5. Вредности на лојалноста помеѓу етничките групи во Црна Гора

## Листа на табели

2.1. Етничност на испитаниците и хрватскиот попис
2.2. „Дали некогаш сте се чувствувале Југословен?“
2.3. „Дали жалите за распаѓањето на Југославија?“
2.4. „Дали го поддржувате променувањето на границите?“
2.5. „Колку силно се идентификувате со: Европа, Југоисточна Европа, или со Балканот? “
3.1. „ Со кого чувствувате дека имате повеќе заедничко?“
3.2. „ Со кого чувствувате дека имате повеќе заедничко (во однос на муслиманите од другите подрачја)?“
3.3. „Кој идентитет е поважен за Вас: Вашиот етнички идентитет или Вашиот идентитет како државјанин на Босна и Херцеговина?“
3.4. „Колку силно се идентификувате со Вашето село или град / ентитетот / Босна и Херцеговина / Балкан / Европа и Југоисточна Европа?“
3.5. „Дали постои босанска нација?“
3.6. „Колку често ги посетувате богослужбите?“
3.7. „Зошто Српската православна црква е важна?“
3.8. „Која е, според Ваше лично мислење, најдобрата улога што Српската Православна Црква ја одиграла во Босна и Херцеговина?“
3.9. „ Дали сметате дека црквата / верските институции и државата во Босна и Херцеговина треба да бидат поодвоени едни од други или поинтегрирани?“
3.10. „На што Ве потсетува грбот со шест лилјани?“
3.11. „Со кои од овие настани се идентификувате?“
3.12. „Дали се согласувате или не со следниве изјави?“
а) „Мостот на реката Дрина во Вишеград е симболот на сите босански народи; б) Мостот во Мостар е симболот на сите босански народи“
3.13. „Кои секуларни институции или личности мислите дека имаат голема позитивна улога во заштитата на Босна и Херцеговина како една држава?“

3.14. Одговори на прашањата во врска со училиштата и претставувањето на историјата во нив (а) „Дали сметате дека државните власти на Босна и Херцеговина ја претставуваат историјата на оваа земја на правилен начин?“
(б) „Што треба да биде главниот фокус на учебниците по историја во училиштата во оваа земја?“
3.15. „Со кои панбосански настани се идентификувате најмногу?“
3.16. „Дали постои нешто како панбосанско чувство за хумор?“
3.17. „Кога беше ’златната доба‘ во историјата на Босна?“
3.18. „Дали некогаш сте се чувствувале Југословен?“
3.19. „Зошто жалите за распаѓањето на Југославија?“
3.20. „Гордост да се биде граѓанин на Босна и Херцеговина“
3.21. „Зошто конфликтите во Босна и Херцеговина продолжуваат?“
4.1. Индекс на лојалност, Србија
4.2. „До која мерка се согласувате со следниве изјави?“
4.3. „Што би требало да биде главна тема во учебниците по историја во Србија?“
4.4. „До која мерка се согласувате со следниве изјави?“
4.5. „Дали го поддржувате еднаквиот статус на партизаните и четниците?“
4.6. „Колку често присуствувате на верска служба?“
4.7. „Кој идентитет е поважен за Вас: етничкиот или граѓанскиот (како граѓанин на оваа земја)?“
4.8. „Кого ќе имаат повеќе заедничко со ...?” - Лојалност индекси 108
4.9. „Со кого чувствувате дека сте најблиски…?“ – показатели на лојалност
6.1. „Како ги позиционирате првенствено следниве земји?“
6.2. Јавни празници во Косово
6.3. „Кој државен празник го сметате за најважен во Република Косово?“
6.4. „До која мерка се сложувате со следниве изјави во врска со МКСЈ?“
6.5. „Дали ја знаете официјалната химна на Република Косово?“
7.1. „Како ја толкувате употребата на албанското државно знаме во Македонија?“
7.2. Одговори на прашањето „Користењето на албанското државно знаме во Македонија треба да се сфати како ... “ (анализа според етничка припадност)
8.1. „Која е Вашата религиска определба?“

8.2. Муслимани и христијани (вкупни бројки)
8.3. Немуслимани (различни христијански деноминации)
9.1. Земјите во Западен Балкан, четири индикатори на животниот стандард
9.2. Нивоа на демократијата во државите во Западен Балкан
9.3. Културна хомогеност
9.4. Вредност на лојалноста според религиската припадност, избрани земји
9.5. Корелации меѓу предикторите и лојалноста во нашиот примерок

## Белешки за авторите

**Ана Девиќ (Ana Dević)** е доктор на социолошки науки што го стекнала на Универзитетот во Калифорнија во Сан Диего, и е предавач на Догус Универзитетот во Истанбул. Нејзините истражувачки интереси се во областа на социологијата и политиките на етничките поделби, национализмот и социјалните движења, како и во врска со последиците од Западните интервенции во регионот на поранешна Југославија. Таа има објавено статии во голем број меѓународни списанија и е уредник на зборникот *Nationalism, Multiculturalism and Democracy* (2002); „The Politics of Mass Graves and Deceased Persons' in V. Perica and D. Gavrilović (eds) *Political Myths in Former Yugoslavia and Successor States: A Shared Narrative* (2011).

**Јелена Џанкиќ (Jelena Džankić)** (р. 1982), е доктор на науки што го стекнала на Универзитетот во Кембриџ, и е стипендист на Жан Моне стипендијата на Европскиот институт во Фиренца во Италија. Нејзините истражувачки интереси се насочени кон државјанството, национализмот, интеграцијата во ЕУ, Западен Балкан. Ги има објавено: 'Cutting the mists of the Black Mountain: cleavages in Montenegro's divide over statehood and identity', *Nationalities Papers*, 41(3):413–30; 'Understanding citizenship in Montenegro', *Citizenship Studies*, 16(3–4): 336–51; 'Montenegro's minorities in the tangles of citizenship, participation, and access to rights', *Journal of Minorities and Ethnopolitics in Europe*, 11(2): 1–30 и 'Bipolar worlds of nation and state in Montenegro', *CEU Political Science Journal: Nationalism and International Relations*, 2(2): 192–212.

**Сесили Ендресен (Cecilie Endresen)** (р. 1974), доктор на науки, постдокторски соработник на Универзитетот во Осло. Нејзини истражувачки интереси се историја на религијата, Балканот, национализмот, исламот и христијанството, Албанија, Романија, религијата и политикитите, и идентитетите. Ја објавила книгата *Is the Albanian's Religion Really 'Albanianism'? Religion and Nation According to Muslim and Christian Leaders in Albania* (2012).

**Арманда Кодра Хиса (Armanda Kodra Hysa)** (р. 1978) е доцент на Институтот за културна антропологија и проучување на уметностите во Тирана, Албанија. Таа во периодот на објавувањето на книгата на англиски јазик ја завршуваше својата докторска дисертација посветена на старите пазари и чаршиите во Албанија.

**Владан Јовановиќ (Vladan Jovanović)** (р. 1968), е доктор на науки и научен соработник во Институтот за поновата историја на Србија (Institut za noviju istoriju Србије). Неговите истражувачки интереси ги вклучуваат националните идентитети, Македонија и Косово во Југославија, присилните миграции, интеграцијата на поранешните отомански територии во југословенската државата. Ја објавил книгата *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918–1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS* (2002) and *Vardarska banovina 1929–1941* (2011).

**Пол Колсто (Pal Kolstø)** (р. 1953), професор по руски и источноевропски студии на Универзитетот Осло. Тој се специјализирал во истражување на национализмот, изградбата на нацијата, етничките конфликти во државите од Западен Балкан и од поранешниот Советски Сојуз. Уредил два зборника *Myths and Boundaries in South-Eastern Europe* (2005) и *Media Discourse and the Yugoslav Conflicts: Representations of Self and Other* (2009).

**Вјолца Красниќи (Vjollca Krasniqi)** (р. 1969) е предавач по социологија на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Приштина, и докторант на Факултетот за социјална работа на Универзитетот во Љубљана. Се стекнала со научен степен магистер од обласа на родот, развојот и глобализацијата на Лондонската школа за економија и политички науки (ЛСЕ). Нејзините истражувачки интереси се полот, нацијата и колективните сеќавања, одржувањето на мирот / градењето на мирот и поствоената реконструкција. Ги објавила следниве публикации: ‘Another Report on the Banality of Evil: The Cultural Politics of the Milošević Trial in Kosovo’, во Timothy Waters (ed.), *The Milošević Trial: An Autopsy* (2013); ‘The Gender Politics of Post-War Reconstruction in Kosova’, во Christine Eifler and Ruth Seifert (eds), *Gender Dynamics and Post-Conflict Reconstruction* (2009); ‘Imagery, Gender and Power: The Politics of Representation in Post-War Kosova’, во *Feminist Review* (2007).

Красниќи, исто така, е активна во движењето на жените на Балканот.

**Вјеран Павлаковиќ (Vjeran Pavlaković)** (р. 1974), доктор на историски науки, што го стекнал во 2005 година на Универзитетот во Вашингтон, и е доцент на Одделението за културни студии на Универзитетот во Риека, Хрватска. Тој има објавено статии посветени на политиките на сеќавањата, за воените комеморации во поранешна Југославија од времето на Втората светска војна, за влијанието на МКТЈ врз домашната политика, и за Југословените во Шпанската граѓанска војна.

Последните публикации ги вклучуваат 'Twilight of the revolutionaries: Naši Španci and the end of Yugoslavia', *Europe-Asia Studies* (September 2010), 'Croatia, the ICTY, and General Gotovina as a political symbol', *Europe-Asia Studies*, 62(10), and 'Symbols and the Culture of Memory in Republika Srpska Krajina', во печат во *Nationalities Papers*. Тој е, исто така, уредник на книгата *Confronting the Past: European Experiences* (2012) и раководител на проектот *Симболички стратегии во изградбата на нациите во Западен Балкан*.

**Љупчо С. Ристески** (р. 1970), редовен професор по етнологија и антропологија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. магистрирал на социокултурна антропологија на Универзитетот во Белград, а д-р на етнолошки науки станал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Неговите главни истражувачки полиња се балканските и македонската народна култура, обичаите и народната религија, постсоцијализмот и национализмот. Ги објавил книгите: *„Категориите простор и време во народната култура на Македонците*“ (2005), Матица македонска, Скопје; *Macedonia. The Political, Social, Economic and Cultural Foundations of a Balkan State*, Victor De Munck and Ljupcho Risteski (eds), 2013.

# Предговор

Оваа книга е резултат од истражувачкиот проект „Симболичка изградба на нацијата во државите од Западен Балкан: намери и резултати“. Проектот беше финансиран од страна на Истражувачкиот совет на Норвешка (ИСН), со број на проект 203356. Во проектот беа вклучени три институционални партнери: Одделението за литература, регионални студии и европски јазици на Универзитетот во Осло, Норвешка; Универзитетот во Риека, Хрватска; и Центарот за политолошки истражувања (ЦПИ), Загреб, Хрватска. Во проектот беа вклучени уште седуммина истражувачи од други земји во Југоисточна Европа. На крајот беше ангажирана агенцијата ИПСОС стратеџик пулс (ISPOS Strategic Puls) од Белград да спроведе обемно истражување на јавното мислење во седумте земји вклучени во истражувањето. Координатор на проектот од хрватска страна беше вонредниот професор Вјеран Павлаковиќ од Универзитетот во Риека.

Така, Истражувачкиот совет на Норвешка има финансирано три мултинационални проекти посветени на Југоисточна Европа, под мое раководство. Тоа започна во 2002 година со проект за „Историските митови на Балканот“, кој резултира со книгата *Митови и граници во Југоисточна Европа* (Hurst 2005). Во овој проект ги истражувавме историските корени на современите политички и етнички конфликти во регионите, историјата не онаква „каква што всушност е“, туку каква што се рефлектира во митовите и стереотипите.

Понатаму, хронолошки се поместивме кон проучување на распаѓањето на југословенската држава при што го споредувавме медиумското известување за конфликтот кај осумте вклучени страни со цел да се види каков вид јазик се користи во печатот, како за другата страна исто така и при сопственото претставување на Себеси и на Другите. Некои од конфликтите имаа мирен расплет, додека, пак, други завршија со крвопролевање, поради што сакавме да се утврди дали имало какви било врски помеѓу медиумското претставување и насилниот наспроти ненасилниот исход. Овој проект резултира со книгата *Медиумскиот дискурс и југословенскиот конфликт* (Ashgate 2009).

Во овој трет и последен проект ние сме фокусирани на современата изградба на нацијата во југословенските држави наследнички и во Албанија, во регионот кој во документите на ЕУ се нарекува „Западен Балкан“. Овојпат сме насочени кон прашањата: каков вид идеали за државата-нација имаат политичките лидери во различни држави и со какви значења се тие. Конкретно, ги истражувавме улогата на знамињата, химните, спомениците, прославите, ритуалите и другите симболи за да дознаеме како се користат тие за да се соз-

даде заеднички политички и културен идентитет на населението поврзан со државата, како и до кој степен се постигнува тоа. Надоградена врз резултатите од претходните проекти, оваа книга може, на некој начин, да се смета како последна во трилогијата.

Пол Колсто,
Осло

# Предговор кон македонското издание

Книгата „Стратегии за симболичка изградба на нацијата во Југоисточна Европа“ е превод на книгата Strategies of Symbolic Nation-building in South Eastern Europe што во оригинал е објавена на англиски јазик, во издание на издавачката куќа Ешгејт (Ashgate) во Велика Британија и САД во 2014 г.

Англиското издание на книгата предизвика, главно, позитивни реакции во професионалните кругови на луѓето што се занимаваат со следење и истражување на општествено-политичките процеси во Југоисточна Европа, посебно во земјите на Балканот. Свое стручно мислење за содржината на книгата дадоа професорката Марија Тодорова од Универзитетот во Илиноис и професорите Штефан Требст од Универзитетот во Лајпциг и Улф Брунбауер од Универзитетот во Регенсбург како стручни рецензенти. Досега се излезени од печат и повеќе позитивни одгласи во стручни списанија посветени на проучувањето на изградбата на нациите и државите, употребата на симболите и национализмот.

Бидејќи целта на авторите не беше резултатите од истражувањето да бидат достапни само за странската публика, уште од самиот почеток на реализацијата на проектот беше испланирано книгата да се објави и на локалните јазици во регионов, така што ќе биде достапна до поширок круг читатели, кои, впрочем, го живеат и се нераздвоен дел од процесот на изградба на државите и на нациите во земјите во регионот. За жал, не беше предвидено преведување и објавување на книгата на македонски јазик, со објаснување дека станува збор за мал пазар, но и поради веќе „стекнатата навика“ ние да читаме на некој од соседните јазици. Но за среќа подоцна, финансиерите на целиот истражувачки проект, Истражувачкиот совет на Норвешка и главниот истражувач и уредник, професорот Пол Колсто, целосно ги разбраа и ги поддржаа нашите предлози и заложби книгата да се преведе и да стане дел од читателското четиво и во Македонија. Кон крајот на 2015 година се согласија книгата да се преведе и да се објави на македонски јазик.

Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, препознавајќи ги вредностите на содржините во книгата, ја искажа својата заинтересираност да застане како издавач зад ова дело. Цениме дека книгата ќе биде значајно четиво за студентите и за граѓаните, кои ќе можат да изградат критички однос во доменот на (зло)употребата на симболите во процесите на изградба на државата и на нацијата и ќе можат да ги согледаат карактеристиките на различните ривалски проекти што постоеле или постојат во осмислувањето на современите балкански нации. Се надеваме дека оваа книга ќе придонесе

за разбирање на овие процеси, а како резултат на тоа, за поладнокрвно и поширокоумно прифаќање на различното и секогаш критичко идентификување на тоа што политичките елити им го нудат на обичните луѓе.

Како што е спомнато на повеќе наврати, најпрво во предговорот на англиското издание, а потоа и на други места во книгата, проектот „Симболичка изградба на нацијата во државите од Западен Балкан: намери и резултати“ беше проект финансиран од Истражувачкиот совет на Норвешка, а во реализацијата на проектот беа вклучени три институционални партнери: Одделението за литература, регионални студии и европски јазици на Универзитетот во Осло, Норвешка, Универзитетот во Риека, Хрватска, и Центарот за политолошки истражувања од Загреб, Хрватска. Истражувањата во рамките на проектот се реализираа во 2011 и 2012 година. Квантитативното истражување беше спроведено од агенцијата ИПСОС стратеџик пулс од Белград со локални канцеларии во секоја од земјите, на репрезентативен примерок каде што проектот се реализираше. Во Македонија, на пример, квантитативното истражување беше реализирано во истиот период кога се реализираше и на другите локации, во есента 2011 г., а беа испитани 1559 испитаници.

Главната цел на проектот и на истражувањето беше да се следи динамиката на процесите на изградба на нациите во секоја од државите што произлегоа по распаѓањето на СФРЈ: Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Македонија и Косово, без Словенија, и плус Албанија. Врз основа на специфично осмислена методологија и следење на 4 параметри: *релиīиска кулūура*, *еūничка кулūура*, *исūориска имаīинација* и *īеоīрафска имаīинација*, авторите требаше да направат проценка на стратегиите што државите, односно нивните политички елити ги спровеле со цел да влијаат врз создавањето на современите нации. Авторите, дискутирајќи за процесите на изградба на нациите и анализирајќи ги најзначајните маркери што се (зло) употребуваат во осмислувањето или преосмислувањето на нациите, речиси неодминливо се соочија со анализи во кои се присутни националистичките дискурси во различни форми, во зависност од државите во проучуваниот простор.

Во периодот на реализацијата на проектот и додека книгата се печатеше на англиски јазик во 2014 година, во Македонија се спроведуваше еден од најфлагрантните примери на материјализација на национализмот – проектот „Скопје 2014“. Во рамките на проектот се изградени повеќе од 50-ина монументални споменици, сите од етничката и културната историја на Македонците, повеќе од 15-ина згради на институции од јавната сфера и е направено преоблекување на старите згради со нови фасади, сите во центарот на Скопје, и сите во псевдобарокен и псевдокласицистички стил. Несомнено е дека со ваквиот проект се има за цел да се воспостави целосна колективна амнезија на сликите за минатото што дотогаш ги знаевме и да се преосмисли нова историска слика за Македонија. Овој проект е еден од

најсилно изразените примери на спроведување културна политика одгоре па надолу, проект што го претставува некритичкиот однос на политичките елити спрема реалноста, проект со кој политичките елити прават целосна митизација на минатото, создавајќи слика за новите споменици и градби како за апсолутна и непроменлива историска вистина, културна вредност, па дури и културно наследство. Од друга страна, пак, спомениците и јавните градби што се со исклучителна политичка конотација може да се интерпретираат и како дистрибуирање на моќ низ официјалната верзија на политичката структура, на систематски нееднаков начин, притоа реализирајќи когнитивна контрола низ симболичко претставување на супердржавата и, пред сè, на суперпартијата на власт.

Интересно, во 2015 година во Македонија се случија општествени движења, кои никако не може да бидат разгледувани надвор од политичкото разбирање на битието на човекот, но сега организирани оддолу, од основата кон горе. Се случија студентските протести во 2015 г. Во текот на 2016 година, барем досега – јули 2016 г., во континуитет од околу 60 дена, се случуваат непрекинати протести на граѓаните на Република Македонија како резултат на несогласувањата со политиките на елитите на власт. Ваквиот израз на незадоволство спрема политичките елити на власт прерасна во „Шарена револуција“, која своите ставови ги искажува врз имагинаријата на власта наречена проект „Скопје 2014“ низ активности што ги реализира преку фрлање бои по спомениците и објектите што припаѓаат на овој проект. Ова политичко движење во Македонија, за првпат од нејзиното осамостојување, излезе од цврсто натапканиот етнонационалистички пат по кој минуваа(т) етничките заедници кај нас и заоде по патот на граѓанските вредности, пат што го трасираат граѓани кои не се аполитични, туку политички самосвесни за штетите што етнонационалистичките и партиско-политичките концепти им ги нанесуваат во нивното секојдневно живеење.

Скопје, јули 2016 г.          Љупчо С. Ристески

# Contents

Предговор XIII

Предговор кон македонското издание XV

Вовед 1
Пол Колсто

Исполнување на иљададагодишниот сон: стратегии на симболичката изградба на нацијата во Хрватска 23
Вјеран Павлаковиќ

Челустите на нацијата и слабите преградки на државата: линиите на поделба, индиферентност и лојалност во Босна и Херцеговина 59
Ана Девиќ

Србија и симболичката (ре)конструкција на нацијата 103
Владан Јовановиќ

Кога две раце ја нишаат колепката: симболички димензии на поделбата околу државноста и идентитетот во Црна Гора 135
Јелена Џанкиќ

Косово: топографија на изградбата на нацијата 161
Вјолца Красниќи

Стратегии за изградба на македонската држава и нација и ривалските проекти од 1991 г. до 2012 г. 189
Љупчо С. Ристески
Арманда Кодра Хиса

Извештај за состојбата на 100-годишна Албанија
Дали е завршена симболичката изградба на нацијата? _231
Сесили Ендресен

Заклучоци: успех и неуспех во изградбата на нацијата,
структурни наспроти политички фактори ___________259
Пол Колсто
Ватрослав Јеловица

Библиографија___________________________________279

Индекс ____________________________________________303

Прилози: колор табли ______________________________313